РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Основен кривичен суд Скопје -
Подружница на ЗСРМ

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

од
ДЕБАТНАТА СРЕДБА
на судиите од Основниот кривичен суд Скопје на тема

АСПЕКТИ НА ГЛАВНАТА РАСПРАВА – ДОКАЗНА ПОСТАПКА
20-21 септември, 2019, Охрид

Во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Подружницата на Здружението на судиите при Основниот кривичен суд Скопје (ОКС Скопје), а во соработка со Академијата на судиите и јавните обвинители (АСЈО), на насловената дебатна средба учествуваа 23 судии на ОКС Скопје од одделите за организиран криминал, кривично полнолетни, кривично малолетни, прекршоци, судии на претходната постапка; поранешниот судија на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) – Мирјана Лазарова Трајковска, Владиниот агент пред ЕСЧП – Даница Џонова, претставници на меѓународната заедница и невладиниот сектор.

Во насока на воедначување на практиката на судот беа донесени следните заклучоци и препораки кои беа објавени преку АКМИС системот и прифатени без забелешки:

- ***Заклучоци:***

***1.Основен предуслов за законито и ефикасно започнување на кривичната постапка е утврдување на идентитетот на обвинетиот со претходно соодветно обезбеден доказ од страна на тужителот (јавниот обвинител и приватниот тужиел) за идентификација на обвинетиот. Необезбедувањето соодветен доказ за идентификација на обвинетиот може да биде процесна пречка за понатамошен тек на постапката.***

***2.Во практиката често се случува странките само формално, а не и суштински да ги почитуваат правилата за давање на воведни говори.***

***3. Неприсуството на странките во текот на постапката претставува една од клучните причини за одлагање на главната расправа. Недоаѓањето на уредно поканетиот јавен обвинител и ненавременото известување од неговата страна дека нема да се јави на поканата на судот е честа причина за одлагање на рочиштата за главна расправа и допринесува за одолговлекување на кривичната постапка и повреда на начелото***

***за судење во разумен рок. Статистичките податоци на Основниот кривичен суд Скопје покажуваат дека главната расправа се одложила заради неприсуство на тужителот во 5,76% во 2018 год. (односно 634 пати тужителот не бил присутен од вкупно 10996 закажани рочишта) што воопшто не е за занемарување иако статистиката на неприсуство на тужителот забележува тенденција на намалување за разлика од значителните 10,09% во 2016 год. (односно 1220 пати тужителот не бил присутен од вкупно 12082 закажани рочишта во 2016 год.) Статистичките податоци на основниот кривичен суд покажуваат дека има тенденција назначително намалување на неприсуство на обвинетиот на главната расправа од 31,18% во 2016 год. (односно 3768 пати од вкупно 12082 закажани рочишта) на 18,19% во 2018 год. (односно 2001 пат од вкупно 10996 закажани рочишта), но сепак овие бројки се загрижувачки.***

***Во текот на првата половина од 2019 година забележан е 5,61% неприсуство на тужителот и 16,23% неприсуство на обвинетиот во вкупно 6362 рочишта закажани до крајот на август 2019 год.***

***4.Обвинетиот има право да се произнесе за вината до крајот на главната расправа.***

5. ***Доказите од одбраната треба да се прифатат од страна на судот најдоцна до започнување на воведните зборови.*** *Одбраната има обврска својата листа на докази да ја достави најдоцна до започнување на главната расправа. Сите докази кои ќе се предложат односно кога се бара проширување на листата на докази,* ***од отпочнување на воведните зборови до завршување на доказната постапка ќе се изведуваат во дополнение на доказната постапка*** *согласно одредбите од членот 394 од ЗКП.*

***6.Еден ист сведок може да биде сведок и на обвинителството и на одбраната само на различни околности.*** *Одбраната не смее директно да го испитува сведокот на обвинителството на околност на која обвинителот го предложил и директно го испитувал, туку само на друга околност. Во насока на почитување на правото на одбрана, судот треба да и овозможи на одбраната директно да го испитува истиот сведок на друга околност, која претходно ќе биде посочена од одбраната.*

***7.Судот треба да ги искористи сите расположливи механизми за да утврди со сигурност дека не може да го обезбеди присуството на сведокот на главната расправа, за да потоа изведе доказ*** *со читање на записник од негов претходно даден исказ или со читање на писмена изјава* ***согласно одредбите од член 388 од ЗКП****.*

*8.Презентирањето на материјалните докази во сложени предмети кои имаат повеќе обвинети, честопати на инсистирање на странките, се реализира на начин со целосно читање на секој материјален доказ. На овој начин се попречува ефикасноста на постапката, особено кога се работи за голем број на материјални докази и документи. Понекогаш ваквиот пристап од одбраната може да доведе и до евентуална апсолутна застареност на предметот. Изведувањето на доказите подразбира дека спротивната страна на главната расправа треба да има можност уште еднаш да се "потсети" на суштината на доказот и на која околност се однесува, бидејќи согласно принципот на еднаквост на оружјата, одбраната има право на увид во сите списи односно докази, а обвинителот обврска тоа да го овозможи согласно член 302 став 5 од ЗКП.*

*9. Во практиката често се случува за одредени правни прашања да нема конкретна законска одредба, која треба да се примени.*

***10.Државните органи се должни да соработуваат со судот****. Неприфатливо е полицијата да не ја остварува ажурно својата улога во пронаоѓањето на лицата од значење за ефикасно реализирање на кривичната постапка, а затворската служба да не го носи обвинетиот од затворската установа заради логистички или организациски причини (неисправно возило, самоиницијативно одлучување при повеќе судење во исти ден кој обвинет ќе биде донесен во судот, а кој не и сл).*

*11. Системот за поддршка на судијата не е доволно функционален со цел да се испорача брз и квлатитетна правда( доволен број стручни соработници, технички и административен обучен кадар, соодветно екипирана доставна служба и др.)*

- ***Препораки:***

**1.Сите инволвирани субјекти во постапката (јавниот обвинител заедно со органите на прогонот и бранителите и обвинетите) треба активно да помогнат во надминување на проблемот со утврдување на идентитетот на обвинетиот**. Евентуален пристап на судот до базите со лични податоци на МВР може да претставува потенцијална можност за надминување на проблемот.

***2.За да се обезбеди правилно и законито давање на воведни зборови на странките потребно*** **е Академијата за судии и јавни обвинители и Адвокатската комора да организираат дополнителни обуки за обвинителите и бранителите за начинот на подготовка и давање на воведните зборови**.

3.Судот треба да п**ревземе конкретни мерки во насока на намалување на причините за одлагање на расправите** (известување

до надлежниот јавен обвинител за неприсуство на обвинителот на закажаното рочиште, редовни известувања и средби со управата за извршување на санкциите за потребата од редовен спровод на осудени и сл.) и да ги примени сите законски предвидени механизми за санкционирање на недоаѓањето на уредно поканетите странки.

5.Секогаш кога за одредено правно прашање нема конкретна законска одредба, **судот треба да пристапи кон пошироко толкување на одредбите кое ќе го поткрепи со елаборација на сите аспекти на судската одлука, притоа рефлектирајќи ја суштината на меѓународните стандарди по тоа правно прашање, а користејќи ја судската практика**.

6.Во текот на постапката се случува на вештакот да му истече лиценцата, а истиот навремено поднел барање до Министерството за правда за нејзино продолжување. Административната постапка за продолжување на лиценците често трае долго. Доколку вештакот за оваа околност го известил судот, во интерес на ефикасноста на постапувањето, неговото вештачење судот може да го смета за валидно.

7. Ефикасноста на судот зависи од системско функционирање на сите органи кои се од значење за спроведување на кривичната постапка (на пр. затворските институции, МВР). **Потребно е комуникацијата меѓу судската власт и државните органи да се одвива на ниво од кое би произлегле конкретни чекори за надминување на состојбите**.

8.Треба да се востановат континуирани дебати помеѓу судиите по конкретни правни прашања со цел воедначување на практиката на судот, на кои можат да бидат поканети и експерти од соодветна област.

**9. Треба да се одржува редовна комуникација со Владиниот агент кој ја застапува Република Северна Македонија пред ЕСЧП.**

10.Не се препорачува измени на Законот за кривичната постапка во делот на процесното казнување на странките, бидејќи негативно би се одразило на редот, дисциплината и однесувањето на странките во постапката.